НАРАТИВЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА И АКТИВНОСТИТЕ НА МЕЃУНАРОДНОТО ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ КУЛТУРНО ЕХО-СКОПЈЕ ЗА ПЕРИОД:
од 01.01.2020 до 31.12.2020 година

Во 2020 година, активностите на Културно Ехо беа спроведувани во согласност со програмските определби и цели, како и во согласност со одобрените проекти. Во овој извештај се претставени спроведените проекти на кои работеа членовите на здружението во соработка со надворешни соработници и партнерски организации и институции , како и активностите насочени кон организациски развој.

Културно Ехо во текот на 2020 година одржа повеќе работни состаноци, беа реализирани проекти и помали активности прилагодени на ситуацијата со пандемијата Ковид 19.

Во првата половина на јануари работевме на подготовка на анализа за индустрискиот комплекс Купром која се одвиваше во периодот од 3 до 16 Јануари , во соработка со со Здружение на граѓани од областа на архитектурата и културното наследство Ситископ-Скопје како и архитектите : Горјан Венов ,Ангела Димитрова, Наташа Вчкова и Јана Спасовска. Документот го носи насловот „Анализа за ревитализација и пренамена на фабриката „Купрум“ во Студентски град на културата во рамките на проектот „Напуштени Можности“ и всушност претставува појдовна точка за подоцнежните активности на здружението објаснети во понатамошниот текст , а поврзани со иницијативата за Купрум.

Печатената верзија од Анализата за Купрум беше доставена и до Кабинетот на Претседателот на Република Северна Македонија Стево Пендаровски и на почетокот на февруари претставници на Културно Ехо одржаа состанок со Тоше Зафиров (заменик генерален секретар во кабинетот на претседателот) и Александар Наумоски (Градоначалник на Општина Ѓорче Петров). На состанокот се дискутираше за заложбите на градоначалникот за решавање на отворените прашања со Купром како и идна соработка преку потпишување на меморандум за реализација на заеднички цели и интереси.

На покана на „Види Вака“ во втората половина на февруари реализиравме снимање и мултимедијална сторија за Купром која беше споделена на социјалните мрежи. Истиот месец потпишавме и Меморандум за соработка со Здружение на граѓани од областа на архитектурата и културното наследство Ситископ-Скопје (22.02.2020) со цел заедничко развивање на постоечки и идни иницијативи и проекти во интерес на двете здруженија. Паралелно се одвиваше и подготовката на годишните извештаи за претходната 2019 година, како задолжителни документи од целокупната евиденција за работата на здружението.

На почетокот на месец март реализиравме состанок со Здружението на млади правници (MYLA) во однос на правните аспекти и проблеми со кои се соочува иницијативата за Купром кои потоа ги споделивме и на вториот состанок со Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров и неговите советници во однос на анализата за Купром и идната соработка (05.03.2020).

На покана на списанието Портрет нашите членови Ивона Крстеска и Томас Ромеро Талеи изработија статија за иницијативата за Спортската сала „Наум Наумовски-Борче" или позната како сала Партизан и напуштените објекти на кои работиме (06.03.2020)

Поради прогласената вонредна состојба во државата и ситуацијата со пандемијата, годишното собрание на Културно Ехо го реализиравме онлајн на 13.03.2020. Одлучивме да ја следиме ситуацијата и да се прилагодиме и што е можно повеќе од тековните планови да ги реализираме преку дигиталните алатки за комуникација и работа.

На почетокот на месец април реализиравме состанок со Мирјана Лозановска (мр. архитект) за Купром и нејзината магистерска теза за ревитализација на индустрискиот комплекс.

Заедно со здружението Ситископ започнавме подготовка на апликација за повик од Агенција за млади и спорт во однос на реализирање на истражувачки проект за минатото, сегашноста и иднината на Купром кој ќе го претставивме во публикација, со изложба, анкета и отворена дебата.

Потпишавме Меморандум за соработка со општина Ѓорче Петров (23.04.2020) за заедничка заложба за актуелизирање на состојбата на руинираниот и напуштен индустриски комплекс Купром кој се наоѓа токму на територијата на општината.

По прифатената апликација и одобрен грант, потпишавме Договор со Агенција за млади и спорт за реализирање на проектот „ Од напуштена фабрика до студентски град" (29.04.2020)

На почеток на месец мај ги почнавме подготовките за проектот од АМС заедно со Здружението Ситископ како партнерска организација. Реализиравме повеќе координативни состаноци, ги подготвивавме прашањата за дигиталната анкета за млади која треба да ни даде увид во нивните размислувања и запознаеност со напуштени објекти во нивна близина со фокус на пренамена на индустрискиот Купром во студентски град на културата. Паралелно отпочнавме истражување за минатото на овој индустриски капацитет, а ги следевме и онлајн предавањата со Здружението Мелеем.

Претседателот на Културно Ехо зеде учество во Обука од МЦМС за управување со ризици за граѓански организации 19/22/23/24/28 /29.06.2020 Паралелно се документираше изработката на мурал на ѕидот на напуштениот Дом на Култура во Ченто во соработка со ФРУ и во релизација на уметникот Владимир Милиќ. Исто така дел од членовите присуствуваа на работилници на здружението Инвиво во Јаболци.

Претседателот на Културно Ехо зема учество на дебата организирана од страна на Младинскиот сојуз на Општина Карпош со учество на младите како претставници и го сподели искуството на Културно Ехо со заедничката иницијатива за обнова на салата Партизан.

Официјално отпочнување на проектот „Од напуштена фабрика до студентски град", (01.08.2020). Проектните активности на проектот „Од напуштена фабрика до студентски град" се спроведоа во период од три месеци и тоа: август, септември и октомври 2020. Поради состојбата со Ковид 19, комуникацијата се реализираше телефонски и преку online платформи со партнерската организација СитиСкоп и Општина Ѓорче Петров. Од истата причина, почетокот на проектот беше пролонгиран и започна во август, иако беше планирано да почне во Јули 2020.

Во месец август, Културно Ехо и Сити Скоп ги изработија содржината и дизајнот на дигиталната анкетата која ја спроведовме како дел од проектот „Од напуштена фабрика до студентски град" и која беше споделена на социјалните медиуми (fb и инстаграм) на двете организации , на која имаше солиден број на одговори . По успешната анкета ги обработувавме добиените резултати од анкетата и подготовка за нивно објавување . Понатака , фокусот беше насочен кон спроведување на истражувањето и прибирање податоци и информации потребни за пишување на публикацијата за Купрум што резултира и со обезбедување на ИСБН број за публикацијата за Купром, а сето тоа се одвиваше со одржување на постојана комуникација со нашите партнери Ситископ, Општина Ѓорче Петров и АМС.

Изложбата "Купрум рудник на (суб)култура", се реализираше на 26.09.2020 во паркот на Општина Ѓорче Петров, како прв дел од проектот. Иако беше предвидено оваа активност да се реализира во месец октомври (проследено со панел дискусии) изложбата ја реализиравме на отворен простор (со цел да се намали можноста за трансмисија на Ковид19) во паркот на општината. Изложбата во живо ја посетија околу 50 граѓани од кои поголемиот дел беа млади.
Изложбата ја поставивме и на социјалните медиуми, во дигитална форма, со цел да се зголеми видливоста. Истата е достапна на facebook страната на Културно Ехо со наслов: „ Дигитална изложба | Купрум - рудник на [суб] културата |".

Во месец септември се започна и со пишување и дизајнирање на публикацијата и по низа состаноци одржани без физичко присуство(online) во кое учество земаа членовите на Културно Ехо и Сити Скоп, низ процес на взаемен дијалог се дефинираше концептот за изработка на публикацијата .

По целосно завршување со пишување и дизајнирање на публикацијата, се достави електронски примерок до Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски", како и се извади ЦИП број со цел да се категоризира публикацијата. Публикацијата со наслов: „Купрум - рудник на (суб)културата" се испечати во 50 примероци

во фирма за професионални печатарски услуги „Полиестердеј“. Со цел да се зголеми видливоста, беше споделена на социјалните медиуми и е достапна online.

Во месец октомври се реализираше и завршниот настан на овој проект/ конференција , во чиј што склоп се одржаа две панел дискусии, како и промоција на публикацијата. Целта на оваа конференција беше да иницира дискусија за потребата од зголемување на квалитетот на образовниот процес и квалитетот на животот на младите преку изградба на Студентски град (Младински мултимедијален центар) во Скопје, како еден од клучните механизми кој може сериозно да влијае и да го успори процесот на иселување на младите од државата, воедно и да го посочи индустрискиот комплекс „Купром“ како можен простор за реализирање на оваа цел.

Конференцијата беше поддржана и се одржа во Културниот центар на Општина Ѓорче Петров на 27 октомври . Превентивно, настанот се реализираше без присуство на публика, со што се намали ризикот за пренос на Ковид 19 , а за таа цел беше обезбеден и пренос во живо од целиот настан на нашите социјални мрежи , реализиран во соработка со Радио МОФ .
Поентите од двете дебати ги истакнавме преку изработка на 2 кратки видеа кои ги споделивме на социјалните мрежи. По успешно реализираниот настан и проект доставивме целосна документација со наративен и финасиски извештај до АМС.

Паралелно со горенаведените активности се одвиваше следното : од страна на здружението Мелеем бевме номинирани за награда од Усаид (12.08.2020) за успешна младинска организација. Исто така добивме и покана да аплицираме како придружна членка во Национален младински совет на Македонија (НМСМ) за што подготвивме соодветна документација и видео запис.

Сценариото на нашиот член Мартин Анастасовски беше одбрано на повикот на Германска амбасада за изработка на видео по повод 30 години од падот на Берлинскиот ѕид. За реализација на видео потпишавме договор со Германска Амбасада 20.08.2020, по што веднаш пристапивме кон подготовка за реализација. Снимањето се реализираше во 3 дена (4/5/6.09.2020)

Земавме учество на собранието на НМСМ на 30.09.2020 на кое што бевме изгласани за придружна членка.

Претседателот на Културно Ехо гостуваше на утринска програма на Сител со директно вклучување пред објектот на Купром на 06.10.2020. Исто така го проследивме и саемот на граѓански организации на 17.10.2020 во организација на Цивика мобилитас каде стапивме во контакт со здружението Праведни и Професионални. Исто така земаме и учество на конференцијата „Одлив на Мозоци“ во организација на Младите можат на 21.10.2020.

Следеше подготвување на апликација која е поднесена до Министерство за Култура во соработка со Ситископ , а се однесува на проект за превод на публикацијата за Купрум од македонски на албански и англиски јазик .

Дополнително во месец декември , членови на Културно Ехо учествуваа на две обуки:

- Обука од МЦМС за организациско јакнење 30/2/4.12
- Обука од НМСМ за прибирање на грантови 14/15/16.12

Можеме да кажеме дека оваа предизвикувачка година за нашето здружение заврши успешно. Претседателот на Културно Ехо , Симона Димковска, доби награда за најдобра млада уметничка за 2019 која за прв пат ја додели претседателот Стево Пендаровски на 23.12.2020.

Скопје 27.02.2021

Претседател на Културно Ехо

Симона Димковска

Меѓународно здружение на граѓани КУЛТУРНО ЕХО Скопје